Наративен извештај за октомври 2020 година

- Кабинет на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов
-

Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието. Во текот на месец октомври 2020 година, активностите на директорот Китанов беа прилагодени согласно со препораките на Владата и Министерството за здравство за потребата од преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на пандемијата со коронавирусот COVID 19 која се појави во Република Северна Македонија, како и во останатите држави во светот.

Дел од активностите на директорот Китанов се одвиваа теренски со увид и присуство на медиуми, а дел беа интерни, но јавноста за нив беше известена преку веб страницата на ЈПДП и официјалниот фејсбук профил на претпријатето.

Активностите започнаа со теренскиот увид на транзитниот дел на Кавадарци на регионалниот пат Р1103 при што директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов, министерот за транспорт и врски Благој Бочварски и градоначалникот на Општина Кавадарци Митко Јанчев извршија увид во градежните работи. Транзитниот дел на Кавадарци е долг 1,2 км и е со вредност од 0,30 милиони евра и истиот е од особено значење за граѓаните на општината бидејќи е исклучително фреквентен и затоа се наметна потребата од негова реконструкција. Рехабилитацијата на Транзитниот дел на Кавадарци е во завршна фаза.

Во овој период заврШија повеќе рехабилитации на делници низ државава. Па така, заврши рехабилитацијата на регионалниот пат Р2344 Голозинци-крстосница Врановци во должина од 11,1 км. и вредност од 50 милиони денари, кои средства се обезбедени од буџетот на ЈП за државни патишта.

Јавното претпријатие за државни патишта со цел подобрување на условите за живеење на граѓаните ја започна и заврши рехабилитацијата на Р2336 Оморани- Теово во Општина Чашка, во должина од 2,2 км. и вредност од 10 милиони денари, кои што средства се обезбедени од буџетот на ЈП за државни патишта.

Исто така ЈП за државни патишта ги извести граѓаните дека е завршена и рехабилитацијата на регионалниот пат Р2337 Крушево-Слива-Пуста Река со должина од 14 км. во износ од 48,42 милиони денари.

Од страна на директорот на Јавно претпријатие за државни патишта Зоран Китанов, министерот за транспорт и врски Благој Бочварски, заедно со, в.д градоначалникот на општина Штип, Јане Миланов, градоначалникот на општина Радовиш, Герасим Конзулов и градоначалникот на општина Конче, Благој Илиев беше направена теренска посета на изградбата на втората фаза од експресниот пат Штип – Радовиш. Градежните работи на изградбата на експресниот пат Штип-Радовиш се одвиваат со силен интензитет и се очекува експресниот пат да биде завршен и пред предвидениот рок. Експресниот пат е со должина од 40,41 километар и вредност од преку 42 милиони евра, и таа се реализира во две фази. Првата делница, од Штип до Бучим е во завршна фаза, поголемиот дел е веќе асфалтиран, осветлувањето е поставено и во моментов се монтираат еластичните огради. На втората делница, од Три Чешми до Радовиш, во тек се подготовки за поставување на коловозната конструкција. Се очекува за три до четири месеци експресниот пат да биде пуштен во употреба. Средствата се обезбедени преку Евтропска Банка за обнова и развој.

Еден од приоритетите на ЈП за државни патишта изминатава градежна сезона беше санацијата на свлечиштето на регионалниот пат Велес-Градско која беше безбедносна закана за учесниците во сооообраќајот коишто транзитираат во вој дел од градот. Со задоволство ЈПДП ги информираше граѓаните дека опасноста е отстранета и дека заврши санацијата на свлечиштето со што се обезбеди нормален тек на учесниците во сообраќајот. На

почетокот кога се појави проблемот Јавното претпријатие за државни патишта направи времена интервенција и санација на големиот одрон којшто го оштети не само патот, туку и дел од железничката пруга, по што пристапи кон изработка на целосен проект и пристапи кон сериозна санацијата на свлечиштето со што се дојде до трајно решавање на овој проблем.

Во изминатиот месец октомври посета и увид во градежните работи беше направена и на рехабилитацијата на регионалниот пат Р1303 делница Кичево–Македонски Брод. Посетата беше од страна на директорот на Јавно претпријатие за државни патишта Зоран Китанов и министерот за транспорт и врски Благој Бочварски. Делницата е во должина од 25,7 км. и вредност од 3,15 милиони евра. Средствата се обезбедени од Европска Банка за обнова и развој. Започнати се градежни активности, при што се работи на обработка на постоечката коловозна асфалтна површина. Се очекува рехабилитацијата да заврши во јули 2021 година.

За крај би сакале да потенцираме дека во иинтерес на транспарентно работење и отчетност пред граѓаните директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов секогаш беше достапен и одговараше на бројни новинарски прашања.